Проектот “Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација (Младите против насилство)“ воведува нова Платформа која ќе биде предводена од граѓански организации за граѓанско образование на млади и ќе има за цел да обезбеди, презентира и да споделува позитивни алтернативи и контра-наративи против радикализација на младите, преку нудење на едукација и модел на соработка за генерирање позитивни идеи во заедницата, мултикултурна соработка и социо-економски активности.

Улогата на Платформата е да работи со млади и граѓански организации и да ги зајакнува нивните капацитети во насока на градење мир, соживот и толеранција.

Со овој повик се покануваат сите заинтересирани граѓански организации формирани согласно Законот за здруженија и фондации и неформални групи на млади (асоцијативно членство) да учествуваат во работата на Платформата.

Зачленувањето во Платформата се врши со пополнување и доставување на приложениот образец за членство до **15 јуни, 2021 година**.

По разгледување на формуларот од страна на тимот на проектот “Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација” организациите/неформалните групи ќе бидат повратно информирани.

Ве молиме да го проширите овој повик до сите потенцијално заинтересирани граѓански организации/ неформални групи ваши партнери и соработници, кои ги споделуваат вредностите на Платформата, да аплицираат.

Аплицирањето се врши електронски на следната е-маил адреса: youthcounter2021@gmail.com

Лице за контакт: Валерија Соколова-Стојановска, Проектен Директор, е-маил: vsokolova@iep.mk

Повикот, Формулар за членство и Услови и критериуми за членство, можете да ги најдете прикачени подолу:

- Повик за членство
- Формулар за редовни членки
- Формулар за асоцијативни членки
- Услови и критериуми за членство

This project is funded by the European Union